СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Десеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 март 1995 година

Скопје, март 1995 година

**ОСВРТ НА СТЕНОГРАФСКАТА БЕЛЕШКА ОД ВТОРОТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА ДЕСЕТТАТА СЕДНИЦА НА СОБРА-НИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 1.III.1995 ГОДИНА**

На оваа седница нема дискутанти,а усвоени се 7 точки од дневниот ред :

1. Предлог за донесување на закон за пригодни ковани пари под точка 7 од дневниот ред
2. Под точка 11,12 и 13 -предлози за разрешување на судии

од Стопанскиот суд, окружнуот суд -Скопје, и Општинскиот суд Скопје II во Скопје

3. Под т.14: Предлог на Одлука за избор на членови на одборот за одбележување на 50-те годишнината од победата над фажизмот.
4. Под.т.15: Предлог на одлука за именување директор на царинската управа.
5. Под.т.16: Предлог одлука за изменување на одлуката за избор на членови на Советот на Народната банка на Република Македонија.

Од оваа седница остануваат уште две точки - два закона за разгледување:

1. Под.т.2: Предлог на закон за внатрешни работи, и
2. Под т.3: Предлог на закон за Агенција за разузнавање.

. / .

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Десеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1.III.1995 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на РМ со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по преостанатите точки од Десеттата седница на Собранието.

Пратеникот Мирко Пецов ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Предлозите од областа на внатрешните работи овој пат не можеме да ги гледаме бидејќи нема претставник на Владата. Министерот Фрчковски е во странство.

Минуваме на **точката шест** - Предлог за донесување на закон за пригодни ковани пари, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за пригодни ковани пари,

Кој е за, молам да крене рака? (79 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (78 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор ?(никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 2 став 2, член 4, член 9 и на член 11.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Претпоставувам се согласува и претставникот на Владата.

Претставникот на Владата се согласил.

Отворам претрес по амандманот на член 4 поднесен од Законодавно правната комисија.

И со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Дали се согласува претставникот на Владата?(се согласува).

Дали и по третиот амандман на ЗПК се согласува?(се согласува)

Дали и по четвртиот амандман на член 11? се согласува.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (80 пратеници)

Дали има некој против? ( нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за пригодни и ковани пари.

Минуваме на **<u>точката 11</u>** - <u>Предлог за разрешување на судија на Стопанскиот суд на Македонија.</u>

Предлогот за разрешување и мислењето на Комисијата за прашања за изборите и именувањата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување го ставам на гласање.

Кој е за предлогот за разрешување молам да крене рака?

(77 пратеници).

Дали има некој против( нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го разреши Џемал Османи од функцијата судија на Стопанскиот суд ан Македонија.

Минуваме на **точката 12** - Предлози за разрешување на судии на Окружниот суд во Скопје.

Предлозите на Републичкиот судски совет за разрешување на Анастас Поп Горчев и Милка Јованов, судии на Окружниот суд во Скопје и Мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на Атанас Поп Горчев од функцијата судија на Окружниот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за предлогот за разрешување молам да крене рака? (79 пратеници).

Дали има некој против ( нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Анастас Поп Горчев е разрешен од функцијата судија на Окружниот суд во Скопје.

Предлогот за разрешување на Милка Јованов од функцијата судија на Окружниот суд во Скопје.

Кој е за предлогот за разрешување молам да крене рака? (78 пратеници).

Дали има некој против ( нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Милка Јованов е разрешена од функцијата судија на Окружниот суд во Скопје.

Минуваме на **точката 13** - Предлог за разрешување на судија на Општинскиот суд Скопје II во Скопје.

Предлогот на Републичкиот судски совет и Мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот за разрешување молам да крене рака? (77 пратеници).

Дали има некој против( нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Сашо Поцевски е разрешен од функцијата судија на Општинскиот суд Скопје II во Скопје.

Минуваме на **точката 14** - Предлог на одлука за избор на членови на одборот за одбележување на 50-те годишнината од победата над фашизмот.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот. Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на Одлуката молам да крене рака.(79 пратеници)

Дали е некој против (никој)

Дали некој се воздржува од гласање (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Одборот за одбележување на 50-т годишнината од победата над фашизмот.

Минуваме на **точката 15** - Предлог на одлука за именување директор на царинската управа.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака ?(83 пратеници)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласаше" (никој)

Констатирам дека за директор на Царинската управа е именуван Илија Иљоски.

На господинот Иљоски му честитам.

Минуваме на **точката 16** - Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на членови на Советот на Народната банка на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака.(79 пратеници

Дали е некој против (Никој)

Дали некој се воздржува од гласањето (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на членови на Советот на Народната банка на Република Македонија.

Со ова нашата можност да работиме по Десеттата седница е исцрпена. Двете точки останаа, не можеме да ја заклучиме седницата. Двете точки останаа за понатаму.

Да видиме, дали имаме доволен број присутни пратеници да ја завршиме и Дванаесеттата седница.

(седницата прекина со работа во 11,40 часот. )